СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **02-417/10**
Скопје, 27.03.2024 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на *член 27, став 2 точка 4* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен весник на РСМ бр. 46/23), на својата трета седница одржана на **27.03.2024 година** ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**Член 1**

Висината на годишната членарина во Комората за 2024 година и во иднина се утврдува на износ од **2.400,00 денари**, со вклучен износ од 300,00 денари за потребите на формирање на Фонд за взаемна помош.

**Член 2**

За плаќања на годишна членарина кои ќе бидат извршени заклучно со 31.01.2025 година, ќе се пресметува членарина по износ кој е утврден пред донесување на оваа одлука, односно во износ од 1.500,00 денари, со вклучен износ од 300,00 денари за потребите на формирање на Фонд за взаемна помош.

Во рокот и висина на членарина определени во став 1 на овој член, се овозможува и **плаќање однапред на годишна членарина за повеќе години**, но најмногу во траење на еден лиценцен период на доктор на стоматологија.

**Член 3**

Предлогот за утврдување на висината на членарината во висината утврдена со член 1 и начинот на плаќање утврден во член 2 на оваа одлука, да се достави до Собранието на Комората, кое ја утврдува висината на членарината согласно одредбите на Статутот на Комората.

**Член 4**

Одлуката ќе стапи на сила на денот на нејзиното донесување од Собранието, а ќе се применува **од 01.02.2025 година**.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
skm@skm.mk
www.skm.mk